ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 382 / 1
23.05.2022
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 90**

**Скопје, 23.5.2022 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на индустриски дизајн (21424) од Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 9**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на англистика, применета лингвистика, учење странски јазици и методика на јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН (21424) ОД КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПОДРАЧЈА, ПОЛИЊА И ОБЛАСТИ СПОРЕД МЕЃУНАРОДНАТА ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-255/5 од 28.3.2022 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за архитектура и дизајн, одржана на 28 март 2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на индустриски дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 3.2.2022 година и во предвидениот рок на конкурсот се пријави:

1. *д-р Инџи Селим*

Заедно со биографијата, кандидатката доставила уверенија и дипломи за предходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, на Наставно-научниот совет на Факултет за архитектура и дизајн при УАКС му го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Д-р Инџи Селим (1981) со степен на образование „Доктор на технички науки по машинство“ се стекнала на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, на Машинскиот Факултет во 2021 година, со одбрана на докторската теза на тема: „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи“ (просечен успех 9,87).

Кандидатката стекнала степен на образование „магистер по архитектура и дизајн“ – насока дизајн (просечен успех 10), на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Факултет за архитектура и дизајн во 2014 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Аспекти на ребрендирањето на амбалажа за вино (Студија на случај: Македонија, Германија и Јапонија)”.

Во 2006 година, кандидатката ги комплетирала испитите од студиската програма „Индустриски дизајн“ на Архитектонскиот факултет при Middle East Technical University во Анкара, Р. Турција и се стекнала со звање „Дипломиран индустриски дизајнер“ (просечен успех 8,10).

Д-р Инџи Селим, е предавач на меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2015 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предмети од областа на архитектура и дизајн.

Покрај индустриски дизајн, Д-р Инџи Селим се занимава и со графички дизајн при што има изработено низа плакати и програми, веб апликации и амбалажи.

***Наставно-образовна дејност***

Во октомври 2015 год. е избрана за предавач по група предмети од областа на архитектура и дизајн на меѓународната висока школа архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Од 2017 год. работи како асистент на Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС на следните предмети: Графички дизајн, Индустриски дизајн 1, Индустриски дизајн 2, Теорија на форма, Мултимедија во маркетинг на ФДЕИОН.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Инџи Селим ги има објавено следните научни трудови:

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (30.06.2021) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| Selim, I., (2021) Material Information Platform for Environmentally Friendly Products. Published in: Materials Experience 2. 1st Edition. Expanding Territories of Materials and Design. Editors: Elvin Karana, Valentina Rognoli, Owain Pedgley. Butterworth-Heinemann. Paperback ISBN: 9780128192443 | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Selim, I., Lazarevska, M, A., Mladenovska, D., Kandikjan, T., Sidorenko, S (2020). "Identifying Material Attributes for Designing Biodegradable Products". New Technologies, Development and Application. Springer. [doi.org/10.1007/978-3-030-18072-0] | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Selim, I., Lazarevska, M, A., Kandikjan, T., Sidorenko, S (2019). "Multi-attribute material information platform." In N.A.G.Z. Börekçi, D. Jones, F. Korkut, D. Özgen Koçyıldırım (Eds.), Proceedings of DRS Learn X Design 2019 Fifth International Conference for Design Education Researchers: Insider | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Knowledge.[DOI:10.21606/learnxdesign.2019.17032] | | | |
| Selim, I., Kandikjan, T., Lazarevska, M, A., Mladenovska, D., (2018). “Adaptation of ID thinking process to the demands of biodegradable plastics” poster presentation in Gredit 2018 conference (pp.161), 22-25 March 2018. Skopje, Macedonia | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Selim, I., Kandikjan, T., Lazarevska, M, A., (2018). “End-of-life analysis of biodegradable plastics for industrial design purposes” oral presentation in Gredit 2018 conference (pp.59), 22-25 March 2018. Skopje, Macedonia | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| Mustafa, E., Selim I., Lisickov, K., Marinovski, M., Kuvendziev., Bozinovski., Z., Radevski, A., Jakupi, S., (2017). “Application of zero emission concept in the wastewater treatment by membrane bio-reactor” Zbornik radova vodovod I kanalizacija, Kragujevac, Serbia 2017. Vol 17, No 38, pp.340 | Да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |

Исто така, д-р Инџи Селим ги има објавено и следните научни трудови (постари од пет години од денот на објавувањето на конкурсот):

- Vasic, T., Petrovska, I., Selim, I., (2014). “Wine Packaging for the new consumer’ perception in Macedonia, Germany and Japan.” The Europe of tomorrow: Creative, Digital, Integrated: UACS, Skopje, Macedonia, pp. 433

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Мишко Ралев, проф. д-р Тони Васиќ и вон. проф д-р Љупчо Јованов, ги разгледа доставените материјали по пријавата и имајќи ги во предвид истите, преку кои може да се согледа целокупниот едукативен и професионален ангажман, позитивно ја вреднува и ја оценува научно-истражувачката, стручно-апликативната и наставно-образовната, дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Инџи Селим.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот, врз основа на поднесената пријава и документација.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Инџи Селим искажува висок интелектуален, научноистражувачки и педагошки потенцијал. Во своите досегашни ангажмани покажува интерес за примена на стекнатото знаење и искуства, а воедно има

заокужен трет циклус на образование со што се стекнала со академската титула Доктор на науки.

Кандидатот д-р Инџи Селим со својата активна и успешна работа во областа на дизјанот, а пред се како дипломиран индустриски дизајнер и магистер од областа на дизјанот секако дека ги исполнува критериумите кои произлегуваат според спецификите на предметната материја која се изучува по група предмети од областа на индустрискиот дизајн на Факултетот за архитектура и дизајн.

Во периодот од 2015 година до 2022 година д-р Инџи Селим се стекнува со исклучително педагошко искуство во работата со студентите од прва, втора и трета година на Меѓународната школа за архитектура и дизајн (ИСАД) при УАКС и на Факултетот за архитектура и дизајн на предметите: Индустриски дизајн 1, Индустриски дизајн 2, Теорија на форма, Графички дизајн, Компјутерска графика, Мултимедија во маркетинг на ФДЕИОН, како предавач од 2015 година за потоа во 2017 година да биде избрана во звањето асистент на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ колеџ Скопје. Резултатите кои ги има покажано во работата со студентите се евидентни во големиот број на успешно реализирани проекти во рамките на предвидените вежби за наведените предмети, за што говорат и оцените од спроведената евалуација од страна на студентите. Во текот на својот ангажман на факултетот д-р Инџи Селим зема активно учество во останатите проекти, наставни и вонnаставни активности, организирање на годишните изложби на факултетот, работилници, независни проекти, учество и организација на меѓународни конференции, обука и помош на студентите кои имаат потреба за дополнителни часови и сл.

Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Инџи Селим поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент по група предмети од областа на индустрискиот дизајн. За квалитетите во учеството и изведувањето на наставно образовниот процес сведочат и евалуациите од изминатите академски години кои се оценети со високи оцени во евалуционите процеси на ФАД, САД и ФДЕИОН.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, д-р Инџи Селим, да биде избрана во звањето доцент по група предмети од областа на индустрискиот дизајн, на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Мишко Ралев, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф.д-р Тони Васиќ, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА АНГЛИСТИКА, ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА, УЧЕЊЕ СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ И МЕТОДИКА НА ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 17-168/4 од 23. 2.2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици (ФСЈ), одржана на 23. 2.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на англистика, применета лингвистика, учење странски јазици и методика на јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 3. 2.2022. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави *д-р Илина Кацхинске.*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на ФСЈ му го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци за кандидатката

Д-р Илина Кацхинске е родена на 20.02.1985 во Скопје каде завршила основно и средно образование. Своето високо образование кандидатката го завршила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на Катедрата за англиски јазик и книжевност (наставна насока). Испитите на додипломски студии ги положила во предвидениот рок со висок просек (9.07) и се стекнала со звање професор по англиски јазик и книжевност.

Во 2007 година ја добила престижната чивнинг-стипендија заеднички финансирана од Фондација отворено општество, британската влада и Универзитетот во Кембриџ каде што го продолжува образованието на Катедрата за применета лингвистика. Во периодот од 2008 до 2009 година додека траат магистерските студии, кандидатката се стекнала со знаење и од теоретска и применета лингвистика со посебен фокус на следните аспекти од применета лингвистика: сличностите и разликите при усвојување мајчин и немајчин јазик, когнитивните процеси при усвојување јазик, имплицитно и експлицитно предавање и учење на сите аспекти од лингвистиката, како и усвојувањето на семантика и прагматика од говорители на англискиот јазик. Нејзината магистерска теза е од областа на психолингвистиката, во која ја истражувала можноста еден комплексен вештачки јазик да се усвои имплицитно од страна на возрасни испитаници. Според правилата на универзитетот, кандидатката напишала и втор магистерски труд од областа на семантиката во кој ја истражувала полисемијата кај глаголите за визуелна перцепција во англискиот, македонскиот и грчкиот јазик. Магистерските студии ги завршила со висок просек од 9,40 и се стекнала со титулата магистер по филозофија во областа англиски јазик и применета лингвистика согласно со Решение за признавање и еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во

странство.

Во 2010 година е избрана за асистент по граматика на англиски јазик на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во Скопје, но истата година добива целосна стипендија и заминува на докторски студии на Универзитетот во Мериленд, САД. Како дел од докторските студии, независно од докторската дисертација, кандидатката одбранила два самостојни истражувачки трудови со оригинални резултати. Првиот труд бил од областа на психолингвистиката со фокус на имплицитно усвојување на граматички правила во рамките на вештачки јазик, додека вториот труд бил од областа на лексиката, поточно усвојување на колокации. Во 2016 година успешно ја одбранила докторската дисертација чиј предмет на проучување биле механизмите на експлицитното учење, кои помагаат и одмагаат при усвојување на граматиката на странски јазик, вклучувајќи ги и различните влијателни фактори (јазична дарба и работна меморија) и нивната меѓусебна интеракција и се стекнала со звање Доктор на науки од областа на усвојување на втор јазик, со просечна оценка 9,84 согласно со Решение за признавање и еквиваленција на високообразовна квалификација стекната на најдобрите 50 универзитети во светот. Во периодот од 2011 до 2013 година кандидатката, исто така, била дел од престижната програма IGERT (Integrative Graduate Education and Research Training), која се добива по заслуга за изготвен ригорозен план за интердисциплинарно образование и истражување. Во рамките на оваа програма посетувала интердисциплинарни предмети, била дел од неделни предавања и работилници и учествувала во организација на бројни настани поврзани со интердисциплинарните лингвистички истражувања. Покрај образованието што го стекнала во областа на усвојување на втор јазик, кандидатката исто така посетувала и успешно завршила 5 предмети од втор и трет циклус студии по статистика при Катедрата за статистика на Универзитетот на Мериленд.

**Наставно-образовна дејност на кандидатката**

Од периодот на студирање до денес, д-р Илина Кацхинске има богато наставно искуство како во приватниот така и во државниот сектор со различни возрасни групи. Првиот ангажман го имала како професор по англиски и грчки во приватното училиште „Центар за странски јазици“ и „Деа Атена“, Скопје. При Универзитетот Св. Кирил и Методиј, на Катедрата за англиски јазик и книжевност првпат била ангажирана како надворешен соработник по предметите Фонетика, Морфологија и Методика на настава по англиски јазик, а подоцна и по предметите Современ англиски јазик и Академско пишување.

На Универзитетот Мериленд продолжила да се занимава со наставно-образовна дејност. При Катедрата за слух и говор предавала Вовед во лингвистика шест семестри, Јазичен развој од областа на англискиот јазик, Вовед во слух и говор, како и Вовед во фонетика со акцент на Акустична фонетика. Понатаму, кандидатката развила, предложила и предавала апликативен предмет при Катедрата за усвојување втор јазик на Универзитетот на Мериленд – Истражувања и практикум на втор/немајчин јазик. Кандидатката, исто така, извршила неколку работилници за ученици од основно и средно образование во рамките на престижната програма IGERT на Универзитетот во Мериленд.

По враќањето во Република Северна Македонија, д-р Кацхинске била ангажирана

на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде и сега предава, по предметите на втор циклус студии Дискурсивна анализа и Напредни методи за предавање на англискиот јазик, како и по предметите од прв циклус студии Современ англиски јазик, Граматика на англискиот јазик и Академско пишување.

**Научно-истражувачка дејност на кандидатката**

Д-р Илина Кацхинске била вклучена во повеќе научно-истражувачки проекти во странство, обуки и работилници. Редовно учествувала на конференции во нејзината област - усвојување на втор јазик - на кои ги презентирала своите оригинални резултати. Автор е на неколку самостојни и коавторирани статии, објавени во престижни списанија со импакт фактор и меѓународен уредувачки одбор како Studies in Second Language Acquisition, Journal of Second Language Studies, Studies in Applied Linguistics and TESOL, како и Современа филологија. Во коавторство кандидатката има објавено поглавје во книга во издание од издавачката куќа John Benjamins. За своите истражувања има добиено неколку признанија: награда за најдобар апстракт при конференцијата SLRF во 2014 година, прва награда за презентиран постер на Меѓународниот ден на истражувања при Универзитетот на Мериленд, како и реномираната награда Albert Valdman за најчитана статија објавена во 2017 година во научното списание Studies in Second Language Acquisition. Покрај добиените престижни стипендии за студирање, кандидатката е добитник на бројни стипендии за нејзиниот постигнат успех (SLA Fellowship, IGERT, Global Supplementary Grant Program), како и грантови за презентирање на нејзината истражувачка работа.

Во изминатите години д-р Илина Кацхинске ги објавила следниве трудови во референтни научни списанија:

**Kachinske**, I. (2021). Skill acquisition theory and the role of rule and example learning. *Journal of Contemporary Philology*, 4(2), 25-41.

**Kachisnke**, I., and Vafaee, P. (2019). The inadequate use of confirmatory factor analysis in second language acquisition validation studies. *Studies in Applied Linguistics & TESOL*, 19(2), 1-18.

**Kachinske, I.**, and DeKeyser, R. (2019). The interaction between timing of explicit grammar explanation and individual differences in second language acquisition. *Journal of Second Language Studies,* 2(2), 206-259.

Vafaee, P., Suzuki, Y., & **Kachisnke, I.** (2017). Validating grammaticality judgment tests: Evidence from two new psycholinguistic measures. *Studies in Second Language Acquisition, 39*(1), 59-95. doi:10.1017/S0272263115000455

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на** | **Рецензирано списание** | **Референта научна публикација** |
|---|---|---|---|

| | **конкурсот** | | |
|---|---|---|---|
| Skill acquisition theory and the role of rule and example learning | 2021 | Да.<br>Journal of Contemporary Philology.<br>Списанието е индексирано во:<br>– MLA (Modern Language Association)<br>– DOAJ (Directory of Open Access Journals)<br>– Google Scholar<br>– ProQuest<br>– ERIH PLUS<br>– Index Copernicus<br>– WorldCat<br>– LIBRIS<br>– BASE<br>– OpenAIRE<br>– Brill's Linguistic Bibliography Online<br>– The Linguist List<br>– COBISS.MK-ID 109201930 (UDK 81) | **https://journals.ukim.mk/index.php/jcp**<br><br>Online ISSN 2545-4773; Print ISSN 2545-4765 |
| The inadequate use of confirmatory factor analysis in second language acquisition validation studies | 2019 | Да.<br><br>Studies in Applied Linguistics & TESOL<br><br>Списанието е индексирано во:<br>-Academic Commons, Columbia University | https://journals.library.columbia.edu/index.php/SALT/article/view/1404<br><br>ISSN: 2689-193X |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Directory of Open Access Journals (DOAJ)<br>-Education Resources Information Center (ERIC) | |
| The interaction between timing of explicit grammar explanation and individual differences in second language acquisition. | 2019 | Да.<br><br>Journal of Second Language Studies<br><br>Списанието е индексирано во:<br>-Baidu Scholar<br>-CNKI Sholar<br>-Dimensions<br>-Google Scholar<br>-Scopus<br>-IBR/IBZ<br>Glottolog | DOI: https://doi.org/10.1075/jsls<br><br>ISSN 2542-3835 \| E-ISSN 2542-3843 |
| Validating grammaticality judgment tests: Evidence from two new psycholinguistic measures | 2017 | Да.<br><br>Studies in Second Language Acquisition<br><br>Списанието е индексирано во:<br><br>-C.I.J.E.<br>-Lang.Teaching<br>-Contents Pages in Edu. Lang. &<br>-Lang.Behav.Abstr.<br>Lang.Teach. & Ling. Abstr.<br>Education Resources | https://www.cambridge.org/core/journals/studies-in-second-language-acquisition/information<br><br>**ISSN:** 0272-2631 (Print), 1470-1545 (Online) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Information Center (ERIC)<br>-Bibliographie Moderner Fremdsprachen unterricht<br>-MLA Bibliography<br>-European Reference Index for the Humanities and Social Sciences (ERIH PLUS) | |

**Општествена дејност**

Покрај редовно учество на конференции, работилници и вебинари, д-р Илина Кацхинске учестуввала во бројни експертски активности, како што се рецензии на стручни трудови пријавени на конференции и во научни списанија со импакт фактор (Language Testing, Studies in Bilingualism, Journal of Second Language Studies). Исто така, кандидатката има лекторирано книга, делови од книга и бројни статии.

Покрај останатите активности, д-р Илина Кацхиснки има искуство и во преведувачката дејност. Двапати била ангажирана на Струшките вечери на поезијата како организатор и преведувач и како преведувач на Драмскиот фестивал „Скомрахи" во Скопје.

Во контекст на дејности од поширок интерес, д-р Илина Кацхинске била ангажирана од страна на Фондацијата отворено општество да интервјуира апликанти за чивнинг-стипендијата, како и да презентира пред веќе избраните чивнинг- стипендисти за академските и социјалните аспекти на Универзитетот во Кембриџ. Има одржано и предавања во јавни установи како што се Американското катче и ХЕРА. Кандидатката била член во неколку одбори: на Советничкиот одбор на Деканот за постдипломски студии при Универзитетот на Мериленд, на Управниот одбор на IGERT при Универзитетот на Мериленд, на Одборот за општествени активности при Универзитетот на Мериленд, на организацискиот одбор на интердисциплинарната конференција Winter Storm (две години), како и претседател на организацискиот одбор за Меѓународниот ден на Универзитетот на Мериленд, со фокус на јазичните науки.

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

Врз основа на погореизнесените податоци, рецензентската комисија оценува дека кандидатката покажува сериозна научно-истражувачка активност и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во наставно-научно звање поради што му предлага

на Наставно-научниот совет на ФСЈ кандидатката д-р Илина Кацхинске да ја избере во наставно-научното звање доцент од областа на англистика, применета лингвистика, учење странски јазици и методика на јазик на ФСЈ.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Марјана Ванева, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Иван Додовски, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Ивана Трајаноска, с.р.
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN
OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323